Елена Јосимовска
Верица Јосимовска

# СВЕДОШТВА ЗА БРЕГАЛНИЧКАТА ЕПИДЕМИЈА 1913

АПСТРАКТ

Со почетокот на Првата балканска војна, 1912 година, завршува периодот на долговековното Отоманско владеење во Македонија и започнува времето на масовно умирање во војните и епидемиите. Имено, во периодот 1912-1918 година во Македонија се случиле три војни (две балкански и една светска ) и дури четири страотни епидемии: колерата 1913, дамчестиот тифус 1915, маларијата 1916-1917 и шпанската треска 1918 година со пандемска големина.

За време на Брегалничката битка 1913, една од најкрвавите во Втората балканска војна, која временски траела кратко, само десетина дена (од 30 јуни до 9 јули), а оставила долготрајни последици, се случила и епидемиската катастрофа предизвикана од смртоносната заразна болест колера во литературата позната и како Брегалничка епидемија.

Сведоштва за овие трагични настани од 1913 година наоѓаме во дневниот печат од тоа време, во разни списанија и публикации, во телеграми, воени рапорти и санитетски извештаи ,необјавени дневници, усни соопшувања, како и во упатуваните апели за помош. Истражувајќи ги овие настани се доаѓа до драгоцени податоци за тогашните услови на живеење во брегалничкиот регион, за причините поради кои се појавила колерата и катастрофата што ја предизвикала , неспремноста на санитетот да и се спротивстави на епидемијата што била негова главна должност, како и за страдањата на недолжното население кое со ништо не придонело за да му се случи масовно умирање.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ
Брегалничка битка, колера, брегалничка епидемија

Втората балканска војна, во литературата позната и како Меѓусојузничка војна, помеѓу Бугарија од една страна, и Србија, Црна Гора и Грција од друга страна, започнала на 29. јуни 1913. година кога бугарската армија ги нападнала српските позиции на реката Брегалница. Причина за воениот конфликт помеѓу сојузниците од Првата балканска војна, било незадоволството од поделбата на освоените територии во Македонија. Со тоа сојузот преку ноќ се претворил во непријателство со многу тешки последици за обете страни.

Брегалничката битка 1913. год. и „Брегалничката епидемија“[1] како што ја викале тогаш епидемијата од колера[2], станале синоним за Втората балканска војна. Оваа воено-пандемска година била големо искушение за санитетската служба која немала одговор на прашањето: што било потрагично, војната или колерата во пандемски размери. Сепак историјата забележала дека жртвите од епидемиолошката катастрофа 1913. година биле поголеми од жртвите на војната. Брегалничката трагедија ја потврдува превисоката цена на бесмислената авантура која неизбежно морало да ја плати и цивилното население.

Бездомното и гладно население во Брегалничкиот регион, како последица на исцрпувачките војни, лесно станало жртва на колерата. Но тоа било само една од причините, далеку поважната улога ја одиграл воениот санитет кој во пракса покажал дека не е во состојба енергично да се спротивстави на една таква епидемија каква што била колерата 1913. година.

Санитетот, бугарскиот или српскиот, сеедно, пропуштил да ги предвиди и неповолните здравствени услови што ги создало долготрајното османлиско владеење, дека луѓето од овие простори живееле примитивно, во неадекватни и нечисти домови полни со домашни инсекти и глодари. Санитарните јазли најчесто биле во непосредна близина на бунарите од каде се црпела вода за пиење а применатa на општата и личната хигиена била на најниското можно ниво. Од друга страна на санитетот му недостасувал санитетски материјал, лекови, серуми и вакцини но, и недоволно познавање на основните начела за превентива, со еден збор, идеални услови за една катастрофална епидемија каква што била колерата.

Судејќи според она што е објавено во разни извештаи и рапорти, за тоа како почнало и како дошло до масовно умирање на војската и населението од колера, епидемијата од колера во Брегалничкиот регион, за време на Втората балканска војна, ја пренеле бугарските трупи од Чаталџа. Тие колерата ја донеле како типична воена зараза со молскавичен настап.

Германските лекари д-р Канс и д-р Винтер, кои тогаш биле на служба во бугарскиот воен санитет, имале задача да ги испитаат епидемиолошките прилики за појава на колерата за време на турско-бугарската војна. Тие во својот извештај напишале дека главната причина за појава на епидемијата бил резервниот состав на турската војска од Мала Азија кој го пополнувал воениот распоред во Тракија. Познато е дека во тоа време, Мала Азија била расадник на егзотични епидемии, особено колера, и токму преку тој турски воен состав кој дошол во контакт со бугарската војска, која подоцна учествувајќи во битката на река Брегалница, ја донела епидемиската катастрофа од која пострадале и српските војници и населението. На линијата Чаталџе, велат тие во извештајот, веќе во средината на месец ноември 1912. год. започнало заболувањето на бугарските трупи, според нив, од „цревни пореметувања“.

---

[1] Алфред Ник, Колера у Срему 1913-1916., Зборник радова VII научног састанска Војводине, Сремска Митровица, 1976, 148.

[2] Колерата е многу тешка пандемска болест, карактеристична со многу кратка инкубација.Се јавува во облик на чести проливи. Меѓу војската многу често се ширела и ја намалувала борбената способност. За неа е познат и називот Азијатска треска (колера). Во првите децении од минатиот век (1903-1923) во Индија од Азијатска треска починале 7 милиони млади луѓе.

Веќе на 18. ноември., значи два –три дена подоцна, бројот на заболените изнесувал 17.000 од кои 900 за кусо време починале. За два месеца на воените операции заболеле 29.626 војника од кои 1.849 починале. [3]

Д-р Сава Поповиќ во своите спомени забележал дека точно петтиот ден од првиот контакт на боиштето, се појавил првиот случај на колера во српската војска. „........случајот беше најтежок, нападнатиот организам на еден од војниците само за два часа заврши со смрт. Вечерта, истиот ден, во истиот полк имаше 3.000 заболени. Двете полски болници беа претесни да се сместат масовно заболените. Многумина лежеа на тревата под ведро небо и жешкото овчеполско сонце. Болничарите одвај стигнуваа да им дадат топли пијалоци на сите болни. Се смета дека во оваа епидемија животот го загубија 8.000 лица, меѓу нив и неколку лекари“.[4] „Никогаш не се успеа да се прикаже колку навистина имаше жртви од колера“, како што известува подофицерот д-р Попс, кој водеше список на умрените од колера и самиот на крајот се разболе и почива заедно со војниците.“[5]

Известувачот на новосадска „Застава“, Јаша Томиќ , во своите репортерски белешки од 1913. година. запишал: „кога се разболе штабниот лекар, д-р Владисављевиќ, и на негово место дојде полковникот д-р Милан Жерајиќ [6] тој на прво место побрза да ја посети колеричната болница кај Кочани. Таму имаше преку 700 болни од колера. Д-р Ристиќ, шефот на болницата, работеше сам, ужасно заморен и ненаспиен, неговиот другар се разболе од колера и лежи во една кола пред болницата, многу од болничарите изумреа па и болните нема кој да ги опслужува“.[7]

Според дневните санитетски извештаи на српскиот санитет, во кои се пополнувале рубриките „болни од колера“, „умреле од колера“, може да се заклучи дека епидемијата ја достигнала својата кулминација помеѓу 16. и 17. јули 1913. година, а веќе на 21. јули забележани се првите смртни случаи кои до крајот на гаснењето на епидемијата ја достигнале бројката од 5.000 човечки животи од вкупно 13.300 заболени.[8]

Македонскиот револуционер Алексо Мартулков во своите спомени запишал : „Секој ден во Штип имаше 50 – 60 смртни случаеви од колера меѓу војниците. Секој ден нивниот број растеше, многу народ изумре. Во прво време, дури имаше штици во градот, правевеме сандаци за погребување на умрените, но кога веќе немаше штици ги погребувавме без сандаци. Жртвите беа огромни. Дури и сега кога ке си спомнам за тие тешки денови косата ми се крева“. [9]

Белградскиот дневен весник „Политика“ во написот од 16. јуни 1913. год. во под насловот „колера у Штипу и њене жртве“ пишува дека од српскиот логор под Штип, нивните претстражи секојдневно ги броеле мртовечките сандаци во кои се погребувале

---

[3] Елена Јосимовска, цит. дело, 20.

[4] Д-р Сава Поповиќ, Из мојих ратних успомена, Зборник радова из историје медицине, СЛД, Београд, 1960, 1-12.

[5] Д-р Сава Поповиќ,цит. дело,1-12.

[6] Полковникот д-р Милан Жерајиќ, подоцна генерал, се родил во селото Жерајица кај Невесиње, 1875. год. Гимназија и студии по медицина завршил во Петроград, во Русија. Заедно со неговиот брат, д-р Ристо Жерајиќ,хирург, во време на Балканските војни и епидемијата од колера, работеле во Македонија, д-р Милан работел во воениот санитет во Брегалничкиот регион а д-р Ристо во Тетово, каде бил убиен. Генералот, д-р Милан Жерајиќ починал 1935. год. Како началник на санитетот на III армија во Скопје.

[7] Јаша Томиќ, Из мојих бележака и дописа 1913.године, Нови Сад, 1914, 36-39.

[8] VladaStanojević , Statistički podaci o koleri u Balkanskim ratovima, Vojnosanit Pregl 1958, 15 (5), 411–12.

[9] Алексо (Александар) Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, 272.

жртвите од колера. До тој момент биле погребани 700-800 војници, 7 офицери и еден воен свештеник. Во Штип, според овој извештај, во 30-от и 12-от бугарски пешадиски полк беснеела колера.[10]

Напуштената куќа на Ибраим бег била адаптирана и се користела како болница за заразни болести[11], во време на колерата во неа се лекувале и болните од колера. Истата се наоѓала од левата страна на Отиња, во непосредна близина на градската црква св. Николај, денес на тоа место се наоѓа куќата да браќата Јордан и Мишо Делипетреви. Исто така, во централното градско подрачје, од левата страна на реката Отиња, една еврејска куќа била претворена во воена болница, таму биле сместувани војниците и граѓаните ранети во воените операции или од честите гранатирања на градот, на тоа место денес се наоѓа зградата на општинското собрание.[12]

В.Ѓуриќ, воениот известувач на белградска „Политика“ од Штип, во написот од 6. јули 1913. год. на насловната страница, пишува дека лево од градот Штип, на еден висок рид, лежеле преку 200 големи шатори во кои биле сместени болните од колера која беснеела особено во тунџанската дивизија. Населението во градот и околните села масовно боледувало од колера, насекаде било многу нечисто и од сите страни се ширела непријатна реа[13].

Весникот „Политика“ во неколку продолженија ги пренесува написите на Гвелфо Човинини (Gvelfo Chovinini) и Лоренцо Ларко (Lorenzo Larko), воени известувачи за Миланскиот весник „Кориере дела Сера“ (Corriere della Sera)[14], под наслов „Опустошена Македонија“. Во нив тие даваат описи за страотни призори, напуштени градови, запалени села........[15]

Во секој број на белградска Политика, последните страници биле преполни со некролози од каде дознаваме кој, каде и од каква причина починал, конкретно за овој период, најчеста причина за смрт била колерата. Така дознаваме дека Чарлс Картел, студент 5 година на медицина, доброволец на англиската мисија, починал на работно место во болницата во Скопје. Бил погребан во Скопје на сметка на Кралството Србија.[16]

Исто така во Скопје, од колера, починале и лекарите д-р Ќориќ Никола и д-р Ѓока Поповиќ [17], во Тетово починал тетовчанецот д-р Никола Серафимовиќ .[18] Пешадискиот капетан на дивизиската санитетска колона, Владан Коциќ, починал од „црната болест“, како што ја викале во тоа време колерата, во болницата во Велес, чесно вршејќи ја својата должност, погребан бил во велешките војнички гробишта.[19] Во Штип од колера починал Командантот на Брегалничката дивизија, полковникот Милован Недиќ.

---

[10] Политика бр. 3384, 16. јуни 1913. стр. 3.

[11] Според кажувањето на Донче Наков, роден 1903. год. во Штип, кој живеел во непосредна близина на куќата на Ибраим бег, каде биле сместувани болните од заразни болести.

[12] Политика бр. 3404, 6. јули 1913.година, напис на насловнта страница со поднаслов „Улазак српске војске у Штип“.

[13] Политика бр. 3404, 6. јули 1913. година напис на насловнта страница со наслов „Од Штипа за Радовиште“.

[14] Кориере дела сера (Corriere della Sera) во превод Вечерни вести , е италијански дневен весник, основан на 5. март 1876. се печати во Милано.

[15] Политика бр.3416, 3417 од 18-1 јули 1913. Белград, насловна

[16] Политика бр.3223, 6. јануари 1913, стр.2.

[17] Споменица СЛД, Београд, 1972, 116, 118.

[18] Бранислав Светозаревиќ – Покорни, Здравството во Тетово и Тетовско во XIX и XX век, Тетово, 2010, 23.

[19] Политика бр.3415, 17. јули 1913, последна страна

Според пишувањето во Политика, дознаваме дека првите симптоми на полковникот му се појавиле во 9,30 а во 12 часот тој веќе бил мртов.[20]

Во написот „Колера во бугараската војска“ пишува дека во околината на Радовиш, бугарската војска на своите дотогашни позиции оставила преку 1.000 непогребани лешеви, сите претходно биле болни од колера.[21]

На страниците на Политика, во написот „Велешките Гробишта“ со поднаслови: „Војнички гробишта во жито“, „Живи мртовци во бараките“, Еден скапо платен град“, воениот дописник на Политика, М. Милановиќ , ја опишува Велешката болница, на височината над касарните, од левата страна на Вардар, болните од колера и свежите гробови во неожнеаните ниви со жито.......„ нема десет чекори од носилата со 58 лешеви до болничкиот шатор под кој, еден до друг, стиснати како во кутија, лежат 200 колерични болни. Шаторот е толку преполн што за дваесеттина нема место и тие лежат пред шаторот, а нови болни од битката кај Криволак и реката Лакавица пристигнуваат без прекин......“[22]

Покрај таа воена болница во Велес, поради големата потреба од болници, биле отворени уште две привремени болници: едната во кругот на касарната и едната именувана како воена болница бр.2 во зградата на турскиот монопол( денес на тоа место се наоѓа музејот). Со оваа болница управувал д-р Панче Васков и аптекарите м-р Андреја Карпузов и м-р Милан Крепиев кој 1913. год. помагајќи им на болните и самиот се разболел и починал од колера. Како доброволни болничарки во оваа болница работеле велешанките: Роза Лазова, Невена Матова-Апостолова, Родна Ќамилова и уште три болничарки чии имиња не се евиндентирани.[23]

Тодор Поп Антов, кој студирал медицина во Женева и заедно со сопругата доброволно учествувал во Балканските војни, во своите спомени пишува за колерата што го зафатила Кочани.

„Моја задача беше умрените од болеста веднаш да се кренат и да се дезинфицира просторијата од каде што е донесен умрениот. На располагање имав двајца боси Цигани, кола со еден коњ и колар. Во колата носевме бели чаршафи, натопени во раствор од вар. Ми соопштуваа каде (улица и број) има мртовец. Одев со Циганите, колата, чаршафите и со ситна негасената вар, во куќата јас влегував прв. Носев чизми и во една рака шише вода со карбол. По мене доаѓаа Циганите и телото го завиткуваа со чаршафот и така го внесуваа во колата и потоа ги носеа умрените недалеку од градот, зад ридот и таму во една нива гробарите ги погребуваа. Тоа траеше доста време. Се сеќавам дека од едно влашко семејство кренавме тројца умрени од колера. И сега ми е пред очи еден случај со еден млад Влав, сопственик на многу овци, кој одејќи кај трлото овци што беше над нивното маало, падна со лицето на земјата и умре“.[24]

Со старата воена болница што се наоѓала на височината над касарните управувал д-р Стојниќ, главна мед. сестра била сестра Зденка, Чехиња, а во неа работеле и лекарите д-р Јан Хорак, Чех и еден лекар од Атина, д-р Киријакидис. Долната воена болница бр.2 сместена во турскиот монопол изгорела во бомбардирањето во 1915. год. Тогаш во

---

[20] Политика бр.3460, 31. август 1913, стр. 2.

[21] Политика бр.3308, 1. јули 1913, стр. 2.

[22] Политика бр. 3414, 16. јули 1913, стр.1- 2.

[23] Киро Ќамилов, Библиотека на Медицински факултет, Фонд. Ариф Старова, св. А-12.

[24] Утрински весник бр. 2467, 23. Август 2007. Скопје, Виктор Цветановски, „Балканските и Првата светска војна најтрагично минато на македонскиот народ (Фељтон 24).

близина на постоечката воена болница била импровизирана нова привремена воена болница во која работел д-р Гиргинов.[25]

Колерата го зафатила и струмичкиот крај, пишува во својот коментар еден читател од с. Смолари „Баба ми Фроса по таткова линија од село Мокрино и дедо ми Ѓорѓи од село Мокриево по мајкина страна, обата родени 1905.година останале сирачиња. Според кажувањето на баба ми, збегот на Мокринци во планината Беласица наишол на странска медицинска мисија која ги издвојувала слабите и од болеста изнемоштените и живи ги спуштала во дупките со гасена вар. Моите мајка и татко, низ солзи ќе речеше баба ми, завршија во дупките со вар.“[26]

Во написот „Чумата што ја донеле војниците го сотре Гарниково“, според драматичното кажување на Ристо Ристов објавено во „Тиквешки кажувања“, од страшната болест што ја донеле војниците во тиквешкото село Гарниково изумреле 900 луѓе. Од 100 семејства со над 1.000 жители останале само 15 со 70 жители.[27]

Хрватските лекари д-р Стејиќ и д-р Машек во своите „воени дневници“ оставиле богато сведоштво, заедно со фотографии, за бугарскиот камп за колерични болни во околината на Штип. Посебно занимливи се необјавените дневници на лекарите д-р Рајт и д-р Летем, членови на координациониот одбор на Британскиот Црвен крст, за кои и претходно стана збор, Брегалничката трагедија ја преставиле со сосема нови, непознати фрагменти подкрепени со фотодокументација.[28]

Според бриселскиот професор, д-р Лоран, кој во својот извештај вели: „80.000 мртви војници останаа на бреговите на Брегалница. За развојот на епидемијата од колера се добива објаснување кога се оди по патот од Штип за Кочани. И од едната и од другата страна на бреговите на Брегалница се гледаат логорите за колерични болни. Бугарските војници преку Тракиската пустина ја донесоа оваа болест, водата од изворите и сите рекички во околината се загадени и заразени со колера. По тридневните битки што се водеа, војниците жедни минувајќи ја реката Брегалница ја користеа нејзината вода за пиење. После пет дена болеста започна со видливи знаци и прерасна во епидемија“.[29]

Санитетскиот капетан I класа д-р Стојан Стефановиќ од српскиот воен санитет, епидемијата ја опишал вака: „епидемијата започна изненадно, во еден ден повеќе од 200 луѓе се пријавија со симптоми на дијареја, сето тоа се случуваше во рововите покрај реката Брегалница. Цели 15 дена болеста имаше карактер на епидемија, смртноста беше огромна, војниците останаа во рововите на мртва стража.“[30]

Сведоштва ни оставил и Анри Барби, воен дописник на париски „ Мал Журнал“[31] објавувајќи ги впечатоците на д-р Леон Реваршон (Dr Leon Revershon), професор во Вал де Грас (Le Val-de-Grâce) , лекар од француската воена мисија кој заедно со д-р Билај и д-р Николетис и болничарките: г-ца Рот и г-ца Нефвил обиколувајќи ги рововите покрај

[25] Никола Стојановски, Здравствената култура во Велес и Велешко, Велес, 1999, 128-129.

[26] Утрински весник, цит. дело.

[27] Исто таму

[28] Јосимовски Јосип, Јосимовска Верица, Зборник на трудови, Прв Македонски конгрес за историја на медицината, Штип, 2001, 94-95.

[29] Исто таму

[30] Исто таму

[31] Le Petit Journal (Мал Журнал) бил париски дневен весник кој излегувал од 1863 до 1944 година. Препознатлив е по своите квалитетни колор илустрации објавувани на насловната и последната страница на весникот. Се занимавал со настаните во целиот свет особено на Балканот.

Брегалница забележале дека за неполни пет дена повеќе од 200 војници со симптоми на дијареа масовно умирале на очиглед на своите другари.[32]

Според податоците објавени во „Цајт“, д-р Стризовер во 1913. година ги обиколил сите боишта во долината на Брегалница, и им соопштил на лекарите од Виенското лекарско друштво дека во Српско-Бугарската војна само од колера боледувале 4.500 луѓе. Морталитетот просечно изнесувал 50%, а за пример го зел Велес каде, како што вели тој, во болниците дневно умирале 65-95 колерични болни, а смртноста била и повеќе од 90%. Причината за избувнување на епидемијата од колера според д-р Стризовер, била тоа што не се презеле никакви мерки за дезинфекција на водата од Брегалница, која војниците неконтролирано ја користеле за пиење.[33]

Милорад Марковиќ во својот дневник „Пакао два рата“ дава потресно сведоштво за колерата. На 30. јуни 1913. година, вели тој, избила колера меѓу нивната војска, за кратко време, во нивниот баталјон останале само 150 луѓе, во другиот баталјон лежеле повеќе од 1.200 луѓе, а бројот постојано се зголемувал и никој не верувал дека ќе преживеат.[34]

Нешто подоцна епидемискиот пожар го зафатил и цивилното население и предизвикал масовно умирање и пустош. Долината на Брегалница се претворила во заедничка гробница од разни националности, а со нив и членови на доброволните санитетски мисии од Европа и од светот, воени известувачи и надгледувачи кои останале на мртва стража далеку од своите домови и своите најблиски.

Од колера се разболувале и болничарите и лекарите, во амбулантите, превивалиштата и болниците. Се разболувале и лекарите од странските мисии. Кај преживеаните останале потресни сведоштва од тој период.

Превентивните мерки кои биле преземени биле незадоволителни, пред се, што воениот санитет не располагал со полски бактериолошки лаборатории, ниту искусни бактериолози, немал дезинфекциони средства, шатори и бараки за изолација на болните. Исто така немал на располагање вакцини и серуми кои во тоа време веќе биле познати во медицинската литература. За разлика од грчкиот воен санитет, кој иако вакцината против колера сеуште била медицинска новина, ја применил и смртноста во своите редови ја намалил на 12,20%, а српскиот и бугарскиот санитет поради горе споменатите причини, имал загуби во човечки животи и од 90%.[35]

Интересно сведоштво за колерата 1913. година се и разните апели за помош преку писма и телеграми, во кои останала цитирана тешката безизлезна епидемиска состојба во Македонија.

---

[32] Анри Барби, Брегалница, Београд, 1914, 78–79.

[33] исто

[34] НИН бр. 1387, 7.08.1977.година, Београд, 1977, 57.

[35] Зборник на објавени трудови 1999-2000, Воена Академија, Скопје, 2001, 342.

Во архивата на американскиот Стејт департмент, во серијата под број 872.142/38-51 и серијата 157 и 158.122/30-31 од 1913. година, зачувани се телеграмите на американскиот конзул во Белград, Медвин Самерс (Medwyn Sumers) и американскиот министер во Букурешт Џон Џексон (John Jackson), под чија јурисдикција се наоѓале Романија, Бугарија и Србија, упатувани до Вилијам Џенингс Брајан, функционер на Стејт департментот, во кои тие целосно го информираат за колерата во Македонија и бараат што е можно побрзо да се упати помош.[36]

Содржината на телеграмите во целост го отсликува вредмето и суровата стварност за Брегалничката трагедија. Овие телеграми претставуваат едно импресивно сведоштво за страдањата, примитивноста на лекувањето и недостигот на основни средства и материјали.Интересна е констатацијата на едно место во телеграмата, каде се вели „ ...колерата е чистка за обете завојувани страни“. Во телеграмата од 13.август 1913. година Самерс од Белград известува дека во Македонија има 50.000 болни и ранети, 30.000 семејства се со разорени домови и без глава на семејството, семејства без дом и родители[37], 8.000 заробеници, 18.000 мртви и епидемија од колера која ја пустоши Македонија.[38] Иако жестоката зима од Првата балканска војна била заменета со свежо лето во Втората, бројот на заболените бил во пораст. „Колерата, тифусот и другите заразни болести ги разоруваат армиите во Македонија, невозможно е да се набават лекови за териториите во кои владее епидемијата од колера: Скопје, Штип, Кочани, Велес, Куманово, Струмица, и други места“ пишувал во телеграмата Самерс од Белград до Брајан во Вашингтон.[39]

Господинот Самерс на овој начин запознавајќи ја американската јавност, успеал во Македонија, како доброволец, да го доведе од Њујорк најпознатото име во Америка, бактериологот д-р Бенџамин Џеблонс (Benjamin Jablons). Заедно со него допатувале и лекарите: д-р Хари А. Розенкранц (Harry A. Rosenkranc) од Лос Анѓелес, Калифорнија, д-р Едгар Гилкрест (Edgar Gillkrest) од Тексас, д-р Теодор Венинг (Theodore Wenning) од Синсинати, Охајо и д-р Вилијам Бојл (William Boyle) од Индијанополис, Индијана. Сите тие дошле како членови Американскиот Црвен крст, додека Стејт департментот, ветувањата што ги дал не ги исполнил и ветената помош не пристигнала во Македонија.[40]

Апел за помош, преку Дејли телеграфот од Лондон, упатила и Леди Пеџет, сопруга на британскиот министер во Белград и успеала да го привлече вниманието.[41] Во гаснењето на епидемијата се вклучиле еминентни медицински стручњаци од разни европски и воневропски земји како на пример: д-р Ото Лоуви од Виена и д-р Краус, подоцна професор по патологија во Буенос Ајрес. Бил ангажиран и д-р Људевит Гутши, угледен бактериолог од Државниот бактериолошки завод во Загреб. Тој исклучиво бил задолжен за спречување на ширењето на колерата, во што директно соработувал со

---

[36] Драгољуб Живојиновиќ, Амерички хирурзи и лекари у Србији 1913. године, Акта Хисторика , 1964, IV/1-2, 142-157.

[37] Дека ова било така и јас самата лично се уверив. Само од увидот во неколку класни книги на штипската гимназија од 1913. година, утврдив дека 90% од учениците немаат татко или пак се и без двајцата родители.

[38] Исто таму, 156.

[39] 13 август 1913., серија 872.142/53.

[40] Драгољуб Живојиновиќ, цит. дело, 145.

[41] Исто таму, 149.

Палтауфовиот институт од Виена.[42] Неговото предавање пред собирот на лекарите од 26. септември 1913. година во Загреб, што го објавил под наслов „Модерно лекување на колерата", комплетно ни ја приближува состојбата од теренот на која и самиот бил очевидец.[43]

Интересна е и оценката на д-р Драгослав Поповиќ в.д. окружен физикус во Штип 1912-1913. година, кој зборувајќи за епидемијата од колера, што ја дал пред членовите на Српското лекарско друштво, на состанокот 1914. година рекол: „мој заклучок за работата на санитетот 1913. год. е дека се направени многу грешки, работата на поедини мои колеги беше испод секоја критика, а посериозна контрола врз нивната работа не постоеше. Едни лекари не работеа затоа што не можеа, поради тоа што немаа материјал или беа во таква психичка состојба да не беа во состојба да работат. За време на мојата работа во Штип, јас се чудев на непојмливиот страв на некои колеги од колерата. Еден германски лекар, кој пишуваше за колерата 1913. година вели дека смртноста во Кочани допирала до 50% а во Велес и повеќе од 70%. Сметам дека причина за пониската смртност во Кочани беше исклучително пожртвуваната грижлива нега што ја пружаа медицинските сестри од руската санитетска мисија".[44]

Според статистиката, што тој ја презентирал пред членовите на лекарското друштво од колера во Македонија се разболеле 7.000, а починале 4.800, што преставува процент на смртност од 70%.

Во Струга, многу важно место, како што вели тој, немало ниту еден лекар, а во Охрид и во двете болници владеел хаос. Многу од болните упатени на болничко лекување во охридската болница, се враќале дома жалејќи се дека во болницата било невозможно да се живее. По заповед на командантот, д-р Драгослав Поповиќ добил задача да ја посети охридската болница и да види на лице место што се случува, при што тој видел ужасен призор. Пред болницата лежеле 20-30 Турци со дизинтерија, кои вршеле нужда на улицата, со што уште повеќе ја шireле болеста, а цел ден никој не сакал и не доаѓал да ги прегледа. Алишта за пресвлекување немале, а нивната изветвена и нечиста облека одавала бедна слика.[45]

Според сеќавањата на постарите Штипјани, за време на колерата, во градот на неколку места имало ископано големи дупки со свежо гасена вар, во кои, по наредба на санитетот, болните од колера биле фрлани и живи.[46]

---

42 Институтот е основан од Ричард Палтауф, универзитетски професор и бактериолог од светски глас.

43 Liječnički vjesnik br.10, цит.дело.

44 Д-р Драгослав Поповиќ, Српски архив, св.4, 1914, 246.

45 Д-р Драгослав Поповиќ, цит.дело.

46 Според сведочењето на Стојка Шуманска, родена 1906. год. во Штип, умрените од колера ги носеле во „ѓубрарски коли" накај Брегалница, по неколку одеднаш и ги фрлале во специјална дупка со свежо гасена вар. Старите штипјани често пати зборувале дека во дупките фрлале и живи луѓе болни од колера; Васил Аџи Андов, роден 1913. год. во Штип, кој се уште е жив (сега е на 99 години) дава сведочење дека веднаш по неговото раѓање таткому се разболел од колера и починал. Според сеќавањата на мајка му која често пати му кажувала што се случувало кога тој се родил, мртвите од колера ги ставале во заеднички гробници, во дупки со свежо гасена вар. Со мртвите во варта туркале и полуживи луѓе;

Јордан Зуламов, роден 1908. год. во Штип се сеќава на кажувањата на повеќе стари штипјани дека во дупки со свежо гасена вар покрај мртвите биле фрлани и болни кои биле сеуште живи;

Јордан Делипетров, роден 1913. год. во Штип дава сведочење дека старата штипјанка Стојка Поп Картова во повеќе наврати им раскажувала со грозење дека болните од колера ги фрлале живи во варта;

Ваквата постапка со болните од колера,  ќе остане црна дамка во историјата на санитетот и опомена дека такво нешто не смее да се повтори во медицинската пракса.

Голем прилог за состојбата во Штип, по епидемијата од колера 1913. година, е извештајот на окружниот началник Љуба Грковиќ, кој во градот пристигнал кон крајот на јули 1913. година. Еве како тој го видел градот во време кога дошол на должност во Штип......„ Кога дојдов во Штип градот го најдов речиси празен. Многу куќи се разурнати од гранатирањето. Населението го нема, дали го напуштило градот или се крие по куќите незнам, во градот владее вистинско мртвило. Во целата чаршија нема ниту еден отворен дуќан или работилница, освен аптеката. Нема каде да се најде ниту стан ниту било каква услуга да се побара, нема каде ни кафе да се напиеш......“.[47]

По Балканските војни и гаснењето на епидемијата од колера, посмртните останки од привремените гробишта биле собрани на едно место и погребани во близината на штипските касарни, на брегот наречен Каленица. Според кажувањата на постарите штипјани, по војните, со доброволни прилози на војниците и офицерите од тогашниот штипски гарнизон и прилози од граѓаните на Штип била подигната Спомен костурница на жртвите од војната и колерата 1913. година.

Костурницата на Каленица, на почетокот на  Втората светска војна, 1941. година, од страна на бугарските власти била урната до темел. По војната, коските од костурницата биле  собрани во буриња и погребани до темелите на Чепригановата црква во градските гробишта без да се стави било какво обележје. [48]

---

Марија Здравева Аџи-Мишева, родена 1896. год. во Штип дава сведочење дека болните од колера ги фрлале живи во варта;

Ванчо Зрнцев, роден 1900 год.во штипско Ново Село се сеќава дека болните од колера ги фрлале живи во дупките од свежо гасена вар;

Зорка Симева - Агафина**,** родена 1903. год. во Штип „1913. год. владееше колера. Болните паѓаа по улиците. Мртвите ги закопуваа во расадникот. Се сеќавам дека тогаш почина најдобриот другар на татко ми - Ефтим Маѓаро“;

Павлина Гуглова, родена 1912. год  во Штип „нашата куќа беше под црквата св. Илија, до чешмата  кај  куќата  на Наутлисци, јас сум имала една година кога дома сите биле болни од колера. Се лекувале со лук и оцет. Мајка ми ми кажуваше дека домашната порта со денови не ја отварале и биле под клуч од страв да не ги земат, оти болните од колера ги фрлале живи во дупки со вар.

[47] Глигор Тодоровски, цит. дело, 258

[48] Никола Крупишки роден 1911. Во Штип и  Ристо Петров роден 1914. год. во Штип, сега покојни, даваат сведочење дека  Фима Јајчарова родена 1875. год. во Штип кажувала  дека нејзините родители биле сопственици на земјоделско земјиште на полигонот Криволак, каде 1913. год. имало многу жестоки борби, сопствените ниви им биле полни со гробови кои биле многу плитко ископани, со одвај 40-50 см. длабочина. По војната сите биле собрани и однесени во спомен костурницата на Каленица. Исто така тие го лоцираа местото каде се закопани бурињата со коските  од костурницата кај Чепригановата црква.